Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12, а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16) и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот бр.02-5408/2 од 08.11.2016 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 37-та седница одржана на 08.11.2016 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. Се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2016-та година, бр.05-7138/1 од 25.12.2015 година, бр.05-705/1 од 05.02.2016 година, бр.05-1798/1 од 29.03.2016 година, бр.05-3004/1 од 31.05.2016 година и бр.05-4273/1 од 01.09.2016 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година ќе останат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат 141.314.300,00 денари.

2. Со ребалансот од точка (1) на оваа Одлука ќе се обезбедат финансиски средства во вкупен износ од 350.000,00 денари наменети за исплата на дневници и сместувања за службени патувања во странство.

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука ќе се изврши со прераспределба меѓу расходните ставки во групната ставка 413 Дневници за службени патувања и патни трошоци, во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година и тоа:

- Групната ставка **413 Дневници за службени патувања и патни трошоци** да остане на претходно утврденото ниво, односно истата да изнесува 2.130.000,00 денари.

- Позицијата **413100 Дневници за службени патувања во странство**, наместо досегашниот износ од 350.000,00 денари да се зголеми за 50.000,00 денари и да изнесува 400.000,00 денари.

- Позицијата **413500 Надомест за трошоци за ноќевање на службен пат во странство**, наместо досегашниот износ од 400.000,00 денари да се зголеми за 300.000,00 денари и да изнесува 700.000,00 денари.

- Позицијата **413000 Дневници за службени патувања во земјата**, наместо досегашниот износ од 250.000,00 денари да се намали за 120.000,00 денари и да изнесува 130.000,00 денари.

- Позицијата **413200 Надомест за трошоци за превоз за службени патувања во земјата**, наместо досегашниот износ од 150.000,00 денари да се намали за 110.000,00 денари и да изнесува 40.000,00 денари.

- Позицијата **413400 Надомест за трошоци за ноќевање за службени патувања во земјата**, наместо досегашниот износ од 200.000,00 денари да се намали за 120.000,00 денари и да изнесува 80.000,00 денари.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за 2016 година, со цел да се обезбедат средства за исплата на дневници и сместувања за службени патувања во странство.

За горенаведените исплати се потребни средства во вкупен износ од 350.000,00 денари.

За да се обезбедат 350.000,00 денари потребно е да се изврши прераспределба меѓу расходните ставки во групната ставка 413 Дневници за службени патувања и патни трошоци, во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година и тоа: Групната ставка 413 Дневници за службени патувања и патни трошоци да остане на претходно утврденото ниво, односно истата да изнесува 2.130.000,00 денари. Позицијата 413100 Дневници за службени патувања во странство, наместо досегашниот износ од 350.000,00 денари да се зголеми за 50.000,00 денари и да изнесува 400.000,00 денари. Позицијата 413500 Надомест за трошоци за ноќевање на службен пат во странство, наместо досегашниот износ од 400.000,00 денари да се зголеми за 300.000,00 денари и да изнесува 700.000,00 денари. Позицијата 413000 Дневници за службени патувања во земјата, наместо досегашниот износ од 250.000,00 денари да се намали за 120.000,00 денари и да изнесува 130.000,00 денари. Позицијата 413200 Надомест за трошоци за превоз за службени патувања во земјата, наместо досегашниот износ од 150.000,00 денари да се намали за 110.000,00 денари и да изнесува 40.000,00 денари. Позицијата 413400 Надомест за трошоци за ноќевање за службени патувања во земјата, наместо досегашниот износ од 200.000,00 денари да се намали за 120.000,00 денари и да изнесува 80.000,00 денари.

Имено, со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2016 година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврденото ниво, односно ќе изнесуваат 141.314.300,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12, а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„

бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16) и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот бр.02-5408/2 од 08.11.2016 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 37-та седница одржана на 08.11.2016 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.** 02-5465/1

08-11 **2016 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:

- Директорот,
- Секторот за правни и економско - финансиски работи;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи;
- Одделение за јавни набавки и општи работи; и
- Архивата на Агенцијата.